4

| | |
|---|---|
| **РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT** |
| **ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ** | **GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP** |
| **СУ-02-46/20** | **AGJ-02-46/20** |
| **18.05.2020 година** | **viti 18.05.2020** |
| **СКОПЈЕ** | **SHKUP** |

Врз основа на член 88 од Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр.58/2006, 35/2008, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр.96/19) и чл. 13 и чл. 15 ст.1 од Судскиот деловник („Сл. весник на РМ“ бр. 66/13 и 114/14), Претседателот на Основен граѓански суд Скопје, на ден 18.05. 2020 година донесе:

**О Д Л У К А**

До сите учесници во постапката кои имаат регистрирано електронско сандаче доставата да се врши исклучиво преку „Системот за електронска достава на судски документи“.

Во предметите во кои постојат услови, а судијата не издал наредба за вршење на електронска достава, **ДОСТАВАТА НЕМА ДА СЕ ВРШИ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно со мерките и препораките на Владата на РСМ за физичко дистанцирање поради новонастанатата состојба со вирусот КОВИД -19, со Известување бр.312/20 од 27.04.2020 година, Врховниот суд на РСМ ги задолжи судовите до сите учесници во постапката кои имаат регистрирано електронско сандаче доставата да ја вршат исклучиво преку „Системот за електронска достава на судски документи“.

Имајќи го во вид означеното Известување, Претседателот на Основниот граѓански суд Скопје одлучи како во изреката.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ILIR SULEJMANI**

**ДН: Сите писарници на Основен граѓански суд Скопје**

